СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



# ОРГАНИЗАЦИЈА И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Собранието на Република Северна Македонија е еднодомно претстав-ничко тело на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.

Во Собранието на Република Северна Македонија се избираат од 120 до 123 пратеници. Право да биде избран за пратеник  има секој граѓанин на Република Северна Македонија кој наполнил 18 години живот и има деловна способност. Граѓанинот може да се кандидира за пратеник преку политичка партија или преку група избирачи, со собрани најмалку 1.000 потписи.

Мандатот на пратениците трае четири години, без ограничување за повторен избор. Мандатот може да се продолжи само во случај на воена или вонредна состојба. Пратеничкиот мандат претставува јавна функција и е неспоива со вршење друга јавна функција или професија.

Собранието се распушта ако за тоа се изјасни мнозинството од вкупниот број пратеници.

Избирањето на пратениците на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање, овозможува изворот на нивниот легитимитет да биде волјата на граѓаните и претставува остварување на уставната одредба, според која, суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните.

Поимот „собрание" соодветно ја отсликува суштината на законодавниот дом - место каде претставниците на граѓаните се собираат и преку организирана расправа донесуваат закони и други акти.

## КОНСТИТУИРАЊЕ

Собранието се конституира најдоцна 20 дена по одржаните избори за пратеници. Конститутивната седница ја свикува претседателот на Собранието од претходниот состав. Доколку во овој рок не се одржи конститутивната седница, пратеници-те сами се состануваат и го конституираат Собранието на дваесет и првиот ден од денот на завршувањето на изборите, а со седницата претседава најстариот по години избран пратеник. Пратеникот кој ја свикал првата седница, претседава со седницата на Собранието, сè додека новоизбраниот претседател или еден од потпретседателите не ја преземе должноста. На оваа седница се верифицира мандатот на пратениците по предлог на Верификационата комисија. На истата седница, Собранието од редот на пратениците избира и претседател на Собранието.
Со верификацијата на мандатите, пратениците се стекнуваат со права и должности утврдени со Устав, закон и Деловник. На пратениците им се издаваат легитимации во кои се внесуваат правото на имунитет и сите останати права што можат да се остварат врз основа на функцијата пратеник.



## НАДЛЕЖНОСТИ

Со конституирањето,  Собранието може да ги извршува своите најзначајни функции: законодавната, изборната и контролно-надзорната функција.
Основна надлежност на Собранието е донесувањето на закони со кои правно се уредуваат општествените односи и се пропишуваат права, обврски и одговорности за општествените субјекти. Покрај донесувањето на законите, Собранието е единствен орган кој дава автентични толкувања на законите со кои се укажува на вистинското значење и намера на законодавецот и се даваат насоки за негово доследно спроведување. Исто така, Собранието го донесува и изменува највисокиот правен акт, Уставот; понатаму, ги донесува републичкиот буџет, завршната сметка на буџетот, како и просторниот план на Републиката, а во рамките на вршењето на своите надлежности донесува и декларации, со кои Собранието зазема став по прашања кои имаат општо политичко значење; резолуции, со кои се укажува на состојбата, проблемите и мерките што треба да се преземат во одредена област; препораки, со кои се даваат насоки за надминување на тековните состојби во одредена област.
Собранието има надлежност и да одлучува за изборот на членови на државни органи и да именува носители на јавни функции. Така, Собранието ја избира Владата на Република Северна Македонија, избира судии во Уставниот суд, го избира Народниот правобранител, го именува и разрешува Јавниот обвинител на Републиката, а врши и избор, именување и разрешување на носители на јавни и други функции утврдени со Уставот (изборна надлежност).
Уставот предвидува и инструменти за контрола на другите органи и носители на јавни функции од страна на Собранието (пратеничко прашање, интерпелација, гласање за недоверба на Владата, итн.). Слична на контролната, Собранието има и надзорна надлежност, која се остварува  преку надзорните расправи кои се спроведуваат од матичното работно тело во чиј делокруг спаѓа прашањето што е предмет на интерес. Овие расправи се одржуваат за да се добијат информации и стручни мислења во врска со спроведувањето на политиките, извршувањето на законите и другите активности на Владата и на органите на државната управа.
Собранието, исто така, ги утврдува јавните давачки, ратификува меѓународни договори, одлучува за војна и мир, донесува одлука за менување на границата на Републиката, донесува одлука за стапување и истапување од сојуз или заедница со други држави, распишува референдум, одлучува за резервите на Републиката, основа совети, дава амнестија и врши други работи утврдени со Уставот.

## РАБОТА НА СОБРАНИЕТО

Организацијата и функционирањето на Собранието се уредуваат со Уставот и со Деловникот.
Собранието на Република Северна Македонија е во постојано заседание и работи на седници. Седниците на Собранието ги свикува претседателот на Собранието. Седниците се јавни, но Собранието може да одлучи да работи без присуство на јавноста, за што е потребно двотретинско мнозинство од вкупниот број на пратеници.
Седниците се одржуваат во времето од 11 до 18 часот со пауза од еден час, ако претседателот на  Собранието за одделни седници поинаку не одлучи. Претседателот на Собранието може да свика седница и по барање на претседателот на Републиката, на Владата и на најмалку 20 пратеници.
По правило, одморот на Собранието трае од 1 до 31 август; сепак претседателот на Собранието може и во тој период да свика седница.
Со седниците на Собранието претседава претседателот на Собранието. Собранието работи на седницата според однапред утврден дневен ред. На седницата никој не може да зборува пред да побара и да добие збор од претседателот на Собранието. Пратеникот што ќе добие збор може да се обрати од говорницата или да говори од своето место.
Собранието може да одлучува ако на седницата присуствува мнозинството од вкупниот број пратеници. Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, а најмалку со една третина од вкупниот број на пратеници, ако со Уставот не е предвидено посебно мнозинство. По правило Собранието одлучува со јавно гласање за сите прашања, додека со тајно гласање може да одлучува само за избори, именувања или разрешувања на носители на јавни и други функции.

## РАБОТНИ ТЕЛА

Заради детално разгледување на предлозите на законите и останатите прашања во надлежност на Собранието, во негови рамки се формираат постојани и повремени работни

тела кои придонесуваат за негова поефикасна работа.
Постојаните работни тела (комисиите) се основаат на почетокот на мандатот на Собранието и функционираат во текот на целиот мандат, додека повремените се формираат по потреба. Работните тела се основаат со одлука на Собранието.
Работните тела се конституираат по области, така што предлозите на законите и други акти ги разгледуваат матичното работно тело и Законодавно-правната комисија. За секое прашање што го разгледува, работното тело зазема став и поднесува извештај до Собранието.
Составот на работните тела и на анкетните комисии се утврдува во зависност од бројот на пратениците во пратеничките групи, пратениците кои не се организирани во пратеничка група и во согласност со Законот за еднакви можности на жените и мажите.
Работните тела на Собранието имаат претседател, заменик на претседателот и одреден број на членови и на нивни заменици. Работното тело работи на седници кои ги свикува претседателот на работното тело.
Работното тело може да има и двајца надворешни членови - научни и стручни лица кои учествуваат во работата без право на одлучување. Исто така, работното тело на седниците може да поканува научни и стручни лица, претставници на локалната самоуправа, на здруженија и слично, заради изнесување на мислења по прашањата кои што се разгледуваат на седницата на телото.
Собранието може да основа и анкетни комисии за сите области и за секое прашање од јавен интерес, на предлог поднесен од најмалку 20 пратеници. Претседателите на анкетните комисии по правило се од редот на пратениците во опозиција. Наодите на анкетните комисии се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРАТЕНИЦИТЕ ВО ПРАТЕНИЧКИ ГРУПИ

Во Собранието се основаат пратенички групи, при што пратеникот може да биде член само на една пратеничка група. Пратеничката група ја сочинуваат најмалку пет пратеника кои припаѓаат на иста или на различни политички партии. Пратеничката група определува координатор и до двајца заменици.
Секоја пратеничка група во Собранието во зависност од бројот на пратеници и определен број на независни пратеници има право да ангажира надворешни соработници, по принципот дека на секои пет пратеника следува еден надворешен соработник.

## КООРДИНАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

Претседателот на Собранието со потпретседателите и координаторите на пратеничките групи секој понеделник одржува редовна координативна средба, а по потреба се одржуваат и ад хок координативни средби. Во рамките на координативните средби се врши усогласување на распоредот за работа на работните тела во Собранието, се прави годишна проекција за одржување надзорни расправи, се врши консултации по определени предлози на закони и се усогласуваат ставови и насоки за работата на посебна организациона единица – Парламентарен институт.

## ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

Јавноста е основен принцип во работата на Собранието. Седниците на Собранието се јавни и нивниот тек може да се следи во живо на Собранискиот ТВ канал, како и на интернет, преку интернетската страница на Собранието <www.sobranie.mk>. Заради известување за својата работа, Собранието издава гласило и други публикации.
За работата на Собранието известуваат средствата за јавно информирање. Нивните претставници имаат право да присуствуваат на седниците на Собранието и на седниците на работните тела заради известување на јавноста за нивната работа.
Граѓаните можат да ги следат седниците на Собранието и на работните тела од галериите, во согласност со прописите за внатрешниот ред на Собранието.
Последниот ден од работната недела (петок) е предвиден за остварување на контакти на пратениците со граѓаните од нивните изборни единици. Ова е можност за пратениците да ги чујат мислењата и проблемите на граѓаните и да преземат разни иницијативи.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во рамките на своите надлежности, Собранието остварува редовна и повремена меѓународна соработка во земјата и во странство, на традиционален и виртуелен начин.
Редовната меѓународна соработка опфаќа учество на седници, состаноци и други настани на мултилатерален план, соработка со Европскиот парламент, како и активностите на пратеничките групи на Собранието за соработка со парламентите на други држави на билатерален план. Повремената меѓународна соработка подразбира учество на конференции, семинари, работилници и други средби, кои се иницирани од други национални парламенти, меѓународни организации и институции, домашни и странски невладини организации и фондации, по покани добиени по други основи, како и средби со меѓународни претставници и странски амбасадори акредитирани во Република Северна Македонија.
Носители на меѓународната соработка на Собранието се претседателот на Собранието и потпретседателите, Комисијата за надворешна политика, Комисијата за европски прашања, другите комисии и работни тела на Собранието, постојаните делегации во парламентарните собранија на мултилатералните меѓународни организации, пратеничките групи за соработка со парламентите на одделни држави, ад хок делегациите, секој пратеник и генералниот секретар на Собранието.



## МУЛТИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

Собранието на Република Северна Македонија основа делегации во осум меѓународни парламентарни собранија, како и делегација во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација. Сите делегации (освен Делегацијата во ПС на Франкофонијата, која се избира од редот на пратениците - членови на Секцијата на Собранието во ПС на Франкфонијата), се избираат на пленарна седница на Собранието, на предлог на Комисијата за избори и именувања. Составот на секоја делегација ја одразува соодветната партиска застапеност во Собранието и соодветната застапеност на двата пола.
Собранието членува во парламентарните собранија на следните организации и институции: Совет на Европа, ОБСЕ, НАТО, Медитеран, Централно европска иницијатива (ЦЕИ), Процес на соработка во Југоисточна Европа (ПСЈИЕ), Франкофонија и Интерпарламентарна унија (ИПУ).

## БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

Заради остварување на билатерална парламентарна соработка, Собранието во секој пратенички мандат основа одреден број на пратенички групи за соработка, согласно интересот и стратешката определба за конкретна соработка со парламенти на одделни држави. Групите се формираат за соработка со парламенти на една или на повеќе држави. Бројот на пратенички групи за соработка не е фиксен, а секоја група има претседател и најмногу 8 члена.
Делегацијата во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација (Мешовит парламентарен комитет - Република Северна Македонија и Европска Унија) е тело за директна билатерална соработка на Собранието со Европскиот парламент, согласно член 114 од Законот за ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините членки. Делегацијата е основана во 2004 година и брои претседател, двајца потпретседатели, 10 членови и 10 заменици - членови.




ПРОГРАМА ЗА **ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА**
PROGRAMI PËR **MBËSHTETJE PARLAMENTARE**
**PARLIAMENT SUPPORT** PROGRAMME

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

ИМПЛЕМЕНТИРАНО ОД:

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

IDSCS

Центар за Управување со Промени

Оваа публикација е подготвена од Парламентарниот институт во рамки на Програмата за парламентарна поддршка (ПСП), која е поддржана од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) преку Амбасадата на Швајцарската Конфедерација во Република Северна Македонија.

ПСП се спроведува од Националниот демократски институт (НДИ), Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје (ИДСЦС) и Центарот за управување со промени (ЦУП). Содржината на публикацијата на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на СДЦ.

Август, 2022